Јавна установа Национален парк Шар Планина
Република Северна Македонија

Institucioni publik Parku kombëtar Mali Sharr
Republika e Maqedonisë së Veriut

Јавна Установа НАЦИОНАЛЕН ПАРК ШАР ПЛАНИНА
Република Северна Македонија, Тетово
Institucioni Publik PARKU KOMBËTAR MALI SHARR,
Republika e Maqedonisë së Veriut, Tetovë
Бр./Nr. 0202-213/1
20.03. 2023 год./vitl
ТЕТОВО - TETOVË

Врз основа на член 12 од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21) и член 15 од Статутот на Ј.У.Н.П. Шар Планина, Република Северна Македонија, в.д. Директорот на ден 20.03.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за забрана на користење на природата за организирање туристички активности скијачки тури со ратрак на територијата на Национален парк „Шар Планина"**

**Член 1**

Со ова Одлука се наредува мерката забрана за користење на природата за организирање туристички активности - **скијачки тури со ратрак** на територијата на Национален парк „Шар Планина".

**Член 2**

Мерката од членот 1 од оваа Одлука се воспоставува заради спречување на:

- оштетување или уништување на биолошката и пределската разновидност;
- деградација на почвата и губење на нејзината плодност;
- оштетувања врз живеалиштата идентификувани во Планот за управување со Националниот парк Шар Планина, според класификацијата од Анексот I на Директивата за живеалишта на Европската Унија кои се присутни на Шар Планинаа.

Листата на живеалишта е приложена во анекс на оваа одлука.

**Член 3**

Мерката од членот 1 од оваа Одлука ќе се воспоставува со цел да се обезбедат поволни услови за заштита и унапредување на природата се до моментот на склучување на спогодба за регулирање на меѓусебни права и обврски помеѓу вршители на дејноста и Ј.У.Н.П. Шар Планина, Република Северна Македонија.

**Член 4**

Оваа Одлука се однесува на неопределен временски период.

**Член 5**

Со исклучок ова Одлука не важи само за периодот од 20 до 25 Март, 2023 година, за терени на северната страна во кои имаа доволна снежна покривка за завршување на скијачката сезона.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување.



CamScanner

**Образложение**

Ратраците се идентификувани како едни од потенцијалните најголеми закани за заштитеното подрачје со оштетувањата кои ги прават машините во услови на недоволна снежна покривка. Во неколкуте контроли извршени на теренот на кој се организираат ваквите активности евидентрирана е потребата за регулирање на оваа дејност.

Согласно член 135-а од Законот за заштита на природата, Јавната установа Национален парк Шар Планина интегрално управува со целото заштитено подрачје. Заради остварување на интегралното управување субјектите задолжени за управување со заштитеното подрачје склучуваат спогодби за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјектите кои вршат дејност или активност во заштитеното подрачје.

Согласно член 13 од Законот за прогласување на дел од Шар Планина за Национален парк („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21), Јавната установа Национален парк Шар Планина, Република Северна Македонија е должна на територијата на Националниот парк Шар Планина да ја спроведува заштитата на природното наследство меѓу друго и преку преземање мерки за заштита на утврдените зони во Националниот парк и спречување на штетни активности од физички и правни лица во Националниот парк, односно обезбедување максимално поволни услови за заштита и унапредување на природата.

Поради сето претходно наведено се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Ј.У.Н.П. „Шар Планина",
Република Северна Македонија
в.д. Директор

Ибрахим Дехари

CamScanner

| Код на живеалиште | Име на живеалиште |
|---|---|
| 3260 | Водотеци со Ranunculion fluitantis |
| 4060 | Алпски и бореални врштини |
| 6170 | Алпски и субалпски варовнички пасишта |
| 62D0 | Оромезиски ацидофилни пасишта |
| 7220 * | Петрифицирани извори што формираат бигор (Cratoneurion) |
| 7230 | Алкални тресетишта |

Табела 20: Листа на живеалишта во паркот според Анексот I на Директивата за живеалишта на Европската Унија

